Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 04.01.2022

На 04.01.2022 во 00.05 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ц.С.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.01.2022 во 23.15 часот во парк-шума Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.А.(48) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.01.2022 во 14.10 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.Р.(34) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2022 во 19.00 часот во Полициската станица Радовиш, М.С.(46) од с.Конче пријавил дека во близина на селото пронашле рачна бомба. На 03.01.2022 бомбата била подигната од пиротехничар од Дирекција за заштита и спасување Штип, при што било утврдено дека станува збор за неексплодирана рачна бомба која потекнува од Првата светска војна.

На 03.01.2022 во 15.58 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул.„Страшо Ербапче" во Кочани се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „даеву", со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.С.(62) од Кочани, патничко возило „фолксваген", управувано од К.П.(49) од Кочани, патничко возило „фолксваген", управувано од С.Р.(36) од Кочани и патничко возило „опел", управувано од Ј.Б.(54) од Кочани, сите со кочански регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле К.П. и сопатничка од возилото „опел", Н.Б.(50) од Кочани, а Ј.Б. се здобил со телесни повреди, констатирани во Јавната здравствена установа Кочани и Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 03.01.2022 во 17.00 часот било пријавено дека на автопатот Гостивар-Тетово, кај клучка Жеровјане, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди", со хрватски национални ознаки, управувано од Ф.А.(48) од с.Пирок, патничко возило „мерцедес", управувано од Б.А.(20) од с.Сенокос и патничко возило „опел", управувано од М.А.(55) од с.Боговиње, и двете со гостиварски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од возилото „опел", Д.А.Х.(31) од с.Дебреше, а со телесни повреди се здобиле возачот М.А. и уште еден малолетен сопатник од истото возило, констатирани во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 03.01.2022 во 11.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.В.(66) од Скопје пријавила дека на ул.„Лазар Димитров" била касната од куче скитник.

На 03.01.2022 во 18.40 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Битола - Нижеполе се случила сообраќајна несреќа помеѓу трактор „ИМТ 539", без регистарски ознаки, управуван од З.Б.(61) од с.Карамани, битолско и патничко возило „опел фронтера", со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.Ч.(29) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил З.Б., додека Д.Ч. и неговата сопатничка А.Ч.(25) од Битола се здобиле со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид извршила екипа од Полициската станица Битола.

На 03.01.2022 во 09.40 часот во Полициската станица Аеродром, С.Ц.(64) од Скопје пријавила дека на ул.„Симеон Кавракиров" била касната од куче скитник.

Денеска (04.01.2022) во 10.00 часот на ул.„Антон Попов" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода И.А.(28) од Штип. Тој бил баран по централна потерница од Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна за сторено кривично дело по член 297 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 03.01.2022, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода С.Н.(26) од Штип. Тој бил затекнат при извршување кражба во Уметничката галерија Безистен во Штип. Исто така, тој се сомничи и дека претходно во неколку наврати извршил кражби во галеријата, при што одзел повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и биле предадени на Националната установа завод и музеј Штип. По целосно документирање на случајот против С.Н. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (04.01.2022), полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Ново Село извршиле контрола во две товарни возила, со тетовски регистарски ознаки, сопственост на правно лице од с.Мала Речица, тетовско. При контролата било утврдено дека возилата не поседуваат уредна документација, односно лиценците и изводите за вршење превоз во внатрешен и меѓународен патен сообраќај се фалсификувани. Од претставник на Државниот инспекторат за патен сообраќај при Министерството за транспорт и врски возилата биле исклучени од сообраќај и им биле одземени сообраќајните дозволи. Додека, пак полициски службеници од СВР Струмица ги одзеле лиценците и изводите за вршење превоз во внатрешен и меѓународен патен сообраќај за понатамошна постапка. За настанот бил известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени пријави по член 284-а за „вршење на јавен превоз без лиценца" и по член 378 – „фалсификување исправа" од Кривичниот законик.

Денеска (04.01.2022) во периодот од 06.00 до 10.00 часот на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 32 прекршоци, од кои 27 надвор од населено место и 5 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 03.01.2022 во 00.20 часот, полициски службеници од СВР Охрид извршија контрола во хала на улицата „Стив Наумов" во Охрид, каде била организирана забава. Притоа, било констатирано дека организаторот овозможил присуство на шест малолетници подоцна од 24 часот, поради што против правното и одговорното лице ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.01.2022 во 08.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во периодот од 10.30 часот на 30.12.2021 до 17.00 часот на 31.12.2021 со употреба на сила било влезено во верски објект на подрачјето на Центар, при што биле одземени пари и разни предмети. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.01.2022 во 13.30 часот во Полициското одделение Сарај, А.Ч.(41) од с.Рашче пријавил дека ја пронашол неговата ќерка Х.Ч.(18), за која на 02.01.2022 во 19.00 часот пријавил дека се оддалечила од домот.

На 03.01.2022 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ј.Ф.(31) и Д.И.(30), двајцата од Скопје. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против З.Р.(55) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали". На 23.12.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле 3.066 парчиња пиротехнички средства.

На 03.01.2022 во 22.40 часот во СВР Скопје, К.А.(28) од Скопје пријавил дека околу 06.00 часот на подрачјето на Бутел, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од О.Ј., М.Ј. и Х.Ј.. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против З.Р.(37) од Гостивар и С.С.(46) од с.Балиндол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во текот на 2019 година, во повеќе наврати доведе во заблуда лице од с.М.Турчане, дека можат да му средат документи со кои ќе може да инвестира во недвижности по цени пониски од пазарните, за сума од 60.000 евра. Паричните средства лицето ги исплатило во неколку наврати преку брз трансфер на пари.

На 03.01.2022 во СВР Битола било пријавено дека во место викано Смилево во Битола, Г.П.(52) од Битола при пад од велосипед, се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против О.Г.(46) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување на исправа" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 20.11.2021 на Граничен премин „Табановце" пријавената приложила фалсификуван ПЦР тест.

На 03.01.2022 во 06.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред маркет на ул. „Васил Чакаларов", А.Ф.(53) од Скопје бил физички нападнат со тврд предмет од две лица. Тој бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против И.С.Ј.(25) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 19.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не ја затекнале пријавената во својот дом и покрај тоа што имала решение за изолација.

На 03.01.2022 во 19.35 М.Л. (18) пријавила во СВР Скопје дека пред зграда на ул. Васко Карангелески во Скопје, додека го шетала своето куче, бил нападнат од куче кое било шетано од нејзиниот сосед К.В.(58). По расчистување на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.